*Република Северна Македонија*
***ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ***
***СПИ бр.4/23***
***11.05.2023 година***
***К а в а д а р ц и***

Врз основа на чл.20 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (сл.весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за информација од јавен карактер од барателот Х. к. за ч. п. поднесено на 08.05.2023 година,Основниот суд Кавадарци на ден 11.05.2023 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето поднесено од Х. к.за ч. п. за пристап до информации од јавен карактер, за давање одговор на прашањата :

1.Колку пресуди за општокорисна работа се изречени за период од 2021 и 2022 година ?

2.Колку пресуди за усолвона осуда се изречени за период од 2021 и 2022 година ?

3.Колку пресуди за усовна осуда со заштите надзор се изречени за период од 2021 и 2022 година ?

4.Колку пресуди за судска опомена се изречени за период од 2021 и 2022 година ?

5.Колку пресуди за куќен затвор се изречени за период од 2021 и 2022 година?

6.Колку пресуди со изречени алтернативни мерки се обжалени за период од 2021 и 2022 година , **СЕ УВАЖУВА**.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено од Х. к. за ч. п. имателот на информација Основен суд Кавадарци, Ви ја доставува следната информација:

Во врска со бараните податоци кои се однесуваат на прашањата:

1.Колку пресуди за општокорисна работа се изречени за периодот 2021 и 2022 година Ве известуваме дека во Основен суд Кавадарци во овој период нема изречено пресуди за општокорисна работа.

2.Колку пресуди за условна осуда се изречени за период 2021 и 2022 година, Ве известуваме дека во Основен суд Кавадарци во 2021 година се изречени 131 условни осуди, а 2022 година се изречени 165 условни осуди.

3.Колку пресуди за условна осуда со заштите надзор се изречени за период 2021 и 2022 година, Ве известуваме дека во Основен суд Кавадарци за овој период нема изречено условни осуди со заштитен надзор.

4.Колку пресуди за судска опомена се изречени за период од 2021 и 2022 година ,

Ве известуваме дека во Основен суд Кавадарци во 2021 година се изречени 2-две судски опомени, а во 2022 година нема изречено судски опомени.

5.Колку пресуди за куќен затвор се изречени за период 2021 и 2022 година, Ве известуваме дека во Основен суд Кавадарци за овој период нема изречено пресуди за куќен затвор.

6.Колку пресуди со изречени алтернативни мерки се обжалени за период 2021 и 2022 година, Ве известуваме дека во Основен суд Кавадарци во 2021 година се изречени 26 пресуди со изречени алтернативни мерки кои се обжалени, а во 2022 година 16 алтернативни мерки кои се обжалени.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа решение може да се поднесе жалба до
Агенција за заштита на правото за слободен пристап
до информации од јавен карактер во рок од 15 дена,
по приемот на решението.

Решено во Основен суд Кавадарци, СПИ.бр.4/23 од 11.05.2023 година.

По овластување на Претседателот на судот

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер Сузана Димкова - Раководител на служба